Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/14), министерот за животна средина и просторно планирање на ден _________ година, донесе

## Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Национална Стратегија за биолошка разновидност со акционен план**, кој го донесува Владата на Република Македонија, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, во согласност со член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи, засегнати од имплементацијата на планскиот документ - Национална Стратегија за биолошка разновидност со акционен план, се определуваат следните:
   - Секретаријат за европски прашања, Влада на Република Македонија;
   - Министерство за финансии;
   - Министерство за образование и наука (Биро за образование);
   - Министерство за култура (Комисија за UNESCO);
   - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
   - Министерство за економија;
   - Министерство за транспорт и врски;
   - Министерство за локална самоуправа;
   - Министерство за здравство (Институт за јавно здравје);
   - Национален комитет за спроведување на Конвенцијата за биолошка разновидност;
   - Национален совет за заштита на природата;
   - Национален совет за одржлив развој;
   - Заедница на единици на локалната самоуправа (ЗЕЛС);
   - Биро за регионален развој;
   - Јавно Претпријатије „Македонски шуми";
   - Јавно претпријатије за државни патишта;
   - Јавно претпријатие за управување со пасишта;
   - Агенција за просторно планирање;
   - Агенција за енергетика;
   - Царинска управа на Република Македонија;
   - Управа за хидрометеоролошки работи;
   - Природонаучен музеј на Македонија;
   - Јавна научна установа „Хидробиолошки институт" Охрид;
   - Центар за управување со кризи;
   - Дирекција за заштита и спасување;
   - Зоолошка градина Скопје;
   - Стопанска комора на Македонија;
   - Природно-математички факултет Скопје;
   - Шумарски факултет Скопје;
   - Факултет за земјоделски науки и храна Скопје;
   - Факултет за ветеринарна медицина Скопје;
   - Земјоделски институт - Скопје.

3. За планскиот документ - Национална Стратегија за биолошка разновидност со акционен план, за чија изработка е одговорно Министерството за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина, а го донесува Владата на Република Македонија, донесувањето на планскиот документ ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на Извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијанија на предложените мерки и активности врз населението и човековото здравје, влијанија врз социо-економската состојба, влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух и климатските промени, влијанија врз водите, почвата, влијанија поврзани со управување со отпадот, влијанија врз биолошката разновидност и природното наследство, влијанија врз материјалните добра, влијанија врз културното и историското наследство.

5. Одлуката, заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за животна средина и просторно планирање (на следната адреса: www.moepp.gov.mk).

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 11-17406/1 од 20. 11. 2014
Скопје

МИНИСТЕР
Nurhan Izairi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
СКОПЈЕ

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Национална Стратегија за биолошка разновидност со акциски план |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Влада на РМ |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Игор Трајковски |
| **Назив на работното место** | Директор на Управата за животна средина при МЖСПП |
| **Контакт податоци за лицето** | Министерство за животна средина и просторно планирање<br>Бул. „Гоце Делчев" бр.18, зграда на МРТВ (10-ти,11-ти,12-ти кат)<br>1000 Скопје, Р.Македонија;<br>тел: 3251-455, факс 3220-165<br>d.stefkova@moepp.gov.mk |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба).** |
| Во согласност со член 6 од Законот за ратификација на Конвенцијата за биолошка разновидност („Сл. весник на РМ" бр. 54/97), сите земји потписнички имаат обврска да изработат национални стратегии, а во согласност со член 26 редовно да испраќаат национални извештаи во кои ќе се содржат информации за мерките кои се преземени за спроведување на Конвенцијата и нивната ефективност. При тоа, националните стратегии се дефинирани како интегративен, мулти-секторски, партиципативен инструмент за планирање на заштитата на биолошка разновидност на национално ниво.<br>Изработката на Национална стратегија за биолошка разновидност со акционен план (НСБРАП) е процес преку кој земјите ги планираат акциите кои се потребни за да се надминат пречките за зачувување на биолошката разновидност и да се направат неопходните промени т.е. планирање на заштитата на биолошката разновидност е цикличен и адаптивен процес. Република Македонија ја ратификуваше Конвенцијата за биолошка разновидност во декември 1997 година, а со тоа се обврза и заложи да ги спроведе преземените обврски.<br>Студија за состојбата со биолошката разновидност во Република Македонија беше изработена во 2003 година, која беше и прв извештај на земјата кон Конвенцијата, а првата Национална стратегија за биолошка разновидност со акционен план на Република Македонија беше донесена во 2004 година. Досега, Република Македонија има изработено четири национални извештаи кон Конвенцијата за биолошка разновидност, како и неколку тематски извештаи. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| ДА ☒<br>НЕ ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |

Во 2004 година е донесена Националната стратегија за биолошка разновидност со акционен план на Република Македонија, за период 2003-2013 година. Бидејќи периодот за имплементација на акциониот план е поминат и врз основа на ревизијата и анализата на спроведувањето на активностите од првиот акционен план за биолошка разновидност, како и проценка на состојбата со биолошката разновидност (за периодот 2003-2013 година), се изработува Националната стратегија за биолошка разновидност со акционен план за период до 2020 година, со визија до 2030 година.

Обврската за ревизија на НСБРАП произлегува и од донесениот Глобален стратешки план за биолошка разновидност (2011-2020), од страна на Конвенцијата за биолошка разновидност, според кој сите земји членки треба да ги усогласат своите национални стратегии согласно поставените цели од Аичи за биолошка разновидност.

**Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.**

Заштитата и унапредувањето на биолошката разновидност е мулти-секторска област и истата не е наведена како посебна точка од член 65 став 2 од Законот за животна средина, но вклучува области кои се наведени како области за кои се спроведува стратегиска оцена на животната средина.

**Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Да** ☒<br>НЕ ☐<br>Управувањето и заштитата на биолошката разновидност не влегува како посебна точка во оваа Уредба, но Националната стратегија за биолошка разновидност со акционен план во својата содржина вклучува и обработува повеќе теми од биолошката разновидност како шумарство и рибарство, а исто така вклучува мерки во акциониот план кои се однесуваат на областите вклучени во оваа Уредба за кои задолжително се спроведува стратегиска оцена на животната средина, како на пример: земјоделство, енергетика, рударство, управување со отпад, управување со водите, планирање на просторот и користење на земјиштето, плански документи за управување со заштитени подрачја и сл. | **Член: 3** | **Точка: 1, 2, 3, 4, 6, 10, 11, 13, 15, 17** | **Алинеја: /** |

**Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.**

Националната Стратегија за биолошка разновидност не предвидува конкретни проектни активности за кои треба да се споведува процедура за оцена на влијанието врз животната средина, туку дава насоки за стратешко планирање на проекти кои треба да се земат предвид при изработка или ревизија на националните плански документи.

**Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.**

Не

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**

| |
|---|
| Богатата биолошка разновидност во Република Македонија, покрај тоа што поседува интристичка вредност (внатрешна, или вредност сама по себе), поддржува екосистеми кои се значајни за економското, општественото и културно живеење. Со други зборови, биодиверзитетот има повеќекратна и значајна улога во задоволување на потребите на човекот, односно придонесува за неговата благосостојба. Од друга страна, политиките и програмите кои се однесуваат на други сектори од општественото живеење со цел да се подобри благосостојбата на граѓаните, често пати не успеваат да ги препознаат вредностите на биолошката разновидност. Со нивното спроведување, особено политиките и програмите кои резултираат со промени во користење на земјиштето или развој на физичка инфраструктура, понекогаш се нанесуваат штети на биолошката разновидност и здравјето на екосистемите од кои зависи благосостојбата на населението. За намалување на скриените и несакани причини за загубата и притисокот врз екосистемите и биолошката разновидност, неопходно е да се постигнат следните стратешки цели:<br>1. Да се преземат активности за намалување на притисокот/загубата на екосистемите и биолошката разновидност преку интегрирање на биолошката разновидност во другите сектори,<br>2. Да се намалат директните и индиректните притисоци врз екосистемите и биолошката разновидност,<br>3. Да се подобри статусот на биолошката разновидност преку зачувување на екосистемите, видовите и генетската разновидност, заради зголемување на придобивките од биолошката разновидност и екосистемските услуги за сите,<br>4. Да се подобри знаењето и достапноста на сите релевантни информации во врска со биолошката разновидност.<br>Мерките во акциониот план, како дел од Стратегијата за биолошка разновидност, не се однесуваат на конкретни проектни активности, туку даваат насоки за подигнување на степенот на заштита на биолошката разновидност. Имплементацијата на мерките може негативно да се одрази врз планираните активности/проекти во останатите национални плански документи или пак да предизвикаат влијанија од социо-економски аспект. Врз основа на веќе споменатото се донесува ***Одлука за спроведување на стратегиска оцена на животната средина.*** |
| **Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Заштита и унапредување на биолошката разновидност |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| Националната стратегија за биолошка разновидност се изработува во согласност со член 6 од Законот за ратификација на Конвенцијата за биолошка разновидност („Сл. весник на РМ“ бр. 54/97), во кој не е предвиден период за донесување на стратешкиот документ.<br>Првата Национална стратегија за биолошка разновидност со акционен план е изработена 2004 година (за период 2003-2013 година). Имајќи предвид дека периодот за имплементација на мерките од акциониот план е поминат, а врз основа на статусот на имплементација (целосно/делумно реализирана или нереализирана активност) на мерките од акциониот план е направена ревизија и се подготвува нова Национална стратегија за биолошка разновидност за период до 2020 година, со визија до 2050. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| Во националното законодавство, како и во Конвенцијата за биолошка разновидност која со закон е ратификувана 1997 година, не е предвиден период за ревизија на Стратегијата.<br>На Конференциите на договорните страни на Конвенцијата кои се одржуваат на секои две години се носат и одлуки поврзани со националните стратегии и извештаи, кои вклучуваат и ревизија на одредени документи поврзани со биолошката разновидност. |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).** |
| Територијата на Република Македонија |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да☒<br>Не☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☒ |

| Не ☐ |
|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето). |
| Врз основа на наодите од ревизијата на првата Национална стратегија и акциониот план подготвена е ревидирана Национална стратегија за биолошка разновидност со акционен план која дава приказ на биолошката разновидност и нејзиното значење за човековата благосостојба, стратешки пристап за зачувување на биолошката разновидност, состојба со биолошката разновидност, загуба на биолошката разновидност, главни закани по биолошката разновидност, клучни сектори кои влијаат врз биолошката разновидност (земјоделство, шумарство, управување со водите, транспорт, ловство, рибарство и аквакултура, индустрија, рударство, енергетика, загадување на животната средина, користење на диви видови растенија и габи, инвазивни видови), екосистемски услуги, институционална, правна, стратешка и финансиска рамка за зачувување на биолошката разновидност, заштита на биолошката разновидност, истражувања и мониторинг, едукација и јавна свест, анализа на спроведувањето на првиот акционен план за биолошка разновидност-научени лекции, нов акционен план за биолошка разновидност.<br>Со имплементација на мерките од Стратегијата кои претставуваат и главни цели на истата се очекува имплементација на законодавството на ЕУ за заштита на природата (Директивите за птици и живеалишта) со цел да се спречи понатамошна загуба на биолошката разновидност; подобра заштита на екосистемите и одржување на екосистемските услуги преку воспоставување на зелената инфраструктура, и ревитализација на барем 15% од деградираните екосистеми; зголемување на придонесот на земјоделството и шумарството кон одржувањето и унапредувањето на биолошката разновидност, подобрено управување со рибните ресурси и постигнување максимален одржлив улов, зголемена контрола на инвазивните алохтони видови, поголем придонес на ЕУ за спречување на загубата на биолошката разновидност на светско ниво.<br>Со имплементацијата на мерките кои произлегуваат од целите на Стратегијата се очекува да се преземат активности за намалување на притисокот/загубата на екосистемите и биолошката разновидност преку интегрирање на биолошката разновидност во другите сектори, да се намалат директните и индиректните притисоци врз екосистемите и биолошката разновидност, да се подобри статусот на биолошката разновидност преку зачувување на екосистемите, видовите и генетската разновидност заради зголемување на придобивките од биолошката разновидност и екосистемските услуги за сите, да се подобри знаењето и достапноста на сите релевантни информации во врска со биолошката разновидност.<br>Имплементацијата на мерките од акциониот план не само што ќе допринесат за намалување на негативните влијанија врз биолошката разновидност, туку позитивно ќе влијаат и врз останатите медиуми и области од животната средина.<br>Меѓутоа, имплементацијата на дел од мерките предложени во акциониот план може негативно да се одрази врз планираните активности/проекти во останатите национални плански документи или пак да предизвикаат негативни влијанија од социо-економски аспект. |

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Веројатноста, времетраењето, фрекфентноста и повратноста на влијанијата ќе се утврди на ниво на конкретни плански и проектни активности. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Имплементацијата на мерките ќе предизвика позитивни влијанија врз животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Позитивни прекугранични влијанија |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Не е релевантно |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Целата територија на Република Македонија и 2.022.547 жители (според пописот од 2002 година). |

| |
|---|
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** |

- Подобрување на состојбата со значајните екосистеми, од аспект на обезбедување основни екосистемски услуги,
- подобрување на човековата благосостојба со подобрување на екосистемските услуги,
- намалување на директните и индиректните притисоци врз екосистемите и биолошката разновидност,
- подигнување на јавната свест за заштита на биолошката разновидност.

Но, во зависност од видот на активноста која треба да се имплеметира може да се очекуваат и негативни социо-екомомски влијанија изразени преку зафаќање на приватен имот, промена на тековните животни навики, економски губитоци за заедницата предизвикани од имплементација на активностите и сл.

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**

Не може да се определи во оваа фаза.

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Истите ќе бидат предмет на анализа на конкретна планска документација за секоја планирана активност, во однос на прогласените и евидентирани природни вредности на целата територија на РМ. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Во оваа фаза не може да се одредат стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности, бидејќи предвидените активности ќе се реализираат на различни подрачја од РМ, а секое подрачје се карактеризира со одреден квалитет на животната средина. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Во оваа фаза не може да се одреди употребата на земјиштето за имплементација на дел од активностите предвидени во акциониот план. |
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Стратешкиот документ ќе има позитивно влијание врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Националната Стратегија за биолошка разновидност не предвидува конкретни проектни активности, туку дава насоки за стратешко планирање на проекти кои треба да се земат предвид при изработка или ревизија на националните плански документи.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Прашањето не е релевантно во оваа фаза на развој на стратешкиот документ.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку неко, образовен план на наставните планови).**

Мерките за заштита и унапредување на биолошката разновидност ќе допринесат за намалување на притисоците и загубите на екосистемите и биолошката разновидност преку интегрирање на биолошката разновидност во другите сектори, подобрени практики за управување во шумарството, земјоделството и ловството, и примена на мерки за заштита на медиумите од животната средина што ќе резултира со зачувување на биолошката разновидност, одржување на екосистемските услуги и намалување на влијанијата врз животната средина.

| |
|---|
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).** |
| Примената на мерките од Стратегијата за биолошката разновидност ќе допринесат за директно или индиректно намалување на притисоците и заканите врз биолошката разновидност, подобрување на состојбата на квалитетот на воздухот, здравјето на населението, водниот потенцијал, квалитетот на почвата, начинот на управување со отпад, културното наследство и сл.<br><br>Имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика промена во другите секторски политики и донесени стратегии, кои треба да се прилагодат во функција на обезбедување соодветна заштита на биолошката разновидност. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.** |
| Корелација на Националната стратегија за биолошка разновидност со планови, програми и стратегии во хиерархијата на планирање:<br>• Просторен План на Република Македонија (2002-2020),<br>• Трет национален план на Република Македонија кон Рамковната конвенција на ОН за климатски промени, 2014,<br>• Национална стратегија за управување со отпад (2008-2020),<br>• Националниот план за управување со отпад (2009-2015),<br>• Национална стратегија за одржлив развој (2009-2030),<br>• Националниот план за заштита на амбиентниот воздух (2013-2018),<br>• Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија (2008-2020), со визија до 2030,<br>• Стратегијата за искористувањето на обновливите извори на енергија во Република Македонија,<br>• Втор Национален Еколошки Акционен План на Република Македонија,<br>• Националната Стратегија за земјоделство и рурален развој (2013-2017),<br>• Стратегија за одржлив развој на шумарството во Република Македонија (2006),<br>• Национална Стратегија за води (2011-2041),<br>• Национална Стратегија за развој на туризмот (2009-2013),<br>• Национална стратегија за Механизмот за чист развој (2008-2012),<br>• Стратегијата за мониторинг во животната средина, 2004,<br>• Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина и др.<br>Дел од целите на стратегиите, плановите и програмите се дадени во Додаток 1. Целите на Стратегијата за биолошка разновидност со целите на горенаведените документи во целост ќе бидат опфатени во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина. |

| |
|---|
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br><br>Постапка за стратегиска оцена на животната средина е водена за секторот енергетика, односно за Стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија за периодот 2008-2020 со визија до 2030 година во која се дадени следните заклучни согледувања: користење на обновливите извори на енергија, со предност на хидропотенцијалот, но врз претходно опсежни студии и анализи на природните карактеристики и режимот на заштита за планираните простори; користење на биомасата, сончевата енергија, ветерната енергија, онаму каде е ефективна и термалната енергија); Користење на јагленот, со постепена негова супституција со нафта и гас, целосна имплементација на ИСКЗ и ОВЖС и примена на НДТ и "Clean coal technology"; Изградба на когенеративни постројки, усогласено со потребите и економската исплатливост.<br><br>Постапка за стратегиска оцена на животната средина е водена и за Третиот национален план на РМ кон Рамковната конвенција на ОН за климатски промени, 2014, во која се дадени препораки кои се поврзани со темите од Стратегијата за биолошка разновидност меѓу кои:<br><br>-Националниот совет за одржлив развој во Владата на Република Македонија, во соработка со ресорните министерства и институции, да обезбеди усогласеност на мерките за намалување на стакленичките гасови и адаптација на најранливите сектори предложени во планскиот документ со секторските стратешки и планските активности кои ја опфаќаат истата временска рамка, а уште повеќе и со идните секторски стратегии и планови;<br><br>-Да се обезбеди институционална поддршка на спроведување на препораките од Планот на хоризонтално и вертикално ниво, преку изградба на адекватна административна структура. На овој начин би се обезбедило спроведување на предложените адаптационите мерки кон климатските промени и ќе се воспостави систем за контрола над спроведување на мерките во ресорните институции, јавни претпријатија и приватниот сектор;<br><br>-Потребно е воспоставување на финансиска алатка за финасирање на активностите/мерките за ублажување на климатските промени и адаптација на најранливите сектори кон истите;<br><br>-Приоритетизацијата на буџетските и донаторски финансиски текови да го вклучува и индикаторот за тоа дали предвидената активност придонесува за намалување на климатските промени или ја намалува ранливоста на засегнатиот сектор кон истите;<br><br>-Потребно е да се направи меѓу-секторска приоритизација на мерките за адаптација кон климатските промени и намалување на стакленичките гасови, предложени во планскиот документ и Акциониот План и др. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br><br>При спроведување на мерките од акциониот план, за дел од активностите ќе биде потребно подготовка на план или проект, за кои ќе се изработуваат: извештаи за стратегиска оцена на животната средина, студии за оцена на влијанијата од проектот врз животната средина или Елаборат за заштита на животната средина на ниво на проектна документација, барања за А или Б дозволи за интегрирано спречување и контрола на загадувањата, со посебен осврт во анализите кои се однесуваат на населението (социо-економски аспект), здравје на населението, воздух и клима, вода, почва, биодиверзитет, природно и културно наследство, материјални добра, отпад, бучава, вибрации, јонизирачко и нејонизирачко зрачење и сл.<br><br>Сите можни влијанија ќе се анализираат во подготвителна, конструктивна, оперативна и постоперативна фаза и ќе се предвидат мерки за нивно намалување или избегнување. |

| | | |
|---|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити комплетни. | |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | | Министер за животна средина и просторно планирање<br>Nurhan Izairi |
| Датум:<br>Место: Скопје | | М.П. |